Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida

Анализа за истражување на јавното мислење

# ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНИ РЕШЕНИЈА ВО УСЛОВИ НА КРИЗА



CRPM Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС

**Електронско издание:**
Анализа за истражувањето во рамките на проектот „Идентификување и промовирање на инклузивни решенија во услови на криза”

**Издавач:**
Центар за истражувања и анализи „НОВУС” - Струмица

**Лектура:**
Васка Кирова

**Дата на издавање:**
Јануари, 2024 година

Овој проект се спроведува со поддршка на Австриската агенција за развој и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка во рамките на Gender Budget Watchdog Network II.

# Содржина:

1. Вовед ....................................................................................................................................4
2. Клучни наоди ........................................................................................................................4
3. Цели, целни групи и методологија .......................................................................................6
4. Податоци добиени од истражувањето ...............................................................................9
   4.1. Демографски податоци ..................................................................................................9
   4.2. Интерпретација на податоци од истражувањето.........................................................12
5. Сумирање на податоци ......................................................................................................29
6. Интервјуа со лица од маргинализирана група ..................................................................31
7. Заклучок од истражувањето...............................................................................................33
8. Препораки ..........................................................................................................................35

Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

# 1. Вовед

Препознавањето на видливата потреба од родовата вклученост во националните и локалните политики станува сè поактуелно прашање, особено функционирајќи во динамично општество каде што постојано се менуваат мерките и условите во криза. Во кризни ситуации, маргинализираните групи се оние кои најмногу се ефектирани како резултат на недостатокот и пристапот до ресурсите, мерките, политиките и адекватната поддршка. Имајќи предвид дека буџетот на општините претставува оперативен дел од јавните политики, преку детално толкување на извештаите и мерките на локалните општини ќе го анализираме процентот на родова застапеност, колку програмите се родово одговорни и дали е извршена адекватна алокација на буџетските средства со цел усогласување на родовата застапеност. Ова вклучува препознавање на потребата за прераспределба на ресурсите со цел постигнување родова вклученост во согласност со специфичните потреби на мажите и жените, распределба на приходите и расходите што влијаат врз општествената положба на жените и мажите и ранливите категории лица, како и посочување на конкретните предизвици со кои лицата се соочуваат.

*Со цел да се адресираат проблемите со кои се соочуваат жените и најранливите групи во услови на криза, истражувањето има за цел да ги идентификува, проучи и анализира предизвиците и потребите на овие групи, со фокус на Југоисточниот регион.*

# 2. Клучни наоди

Истражувањето што го спроведовме е подготвено како еден вистински мозаик со многу бои, облици и изрази. Целта ни беше да создадеме вистинско репрезентативно искуство, да ги слушнеме гласовите на лицата-припадници на различни групи во нашето општество. Секој испитаник и учесник во фокус групите внесе различна креација, чиешто значење стана витален дел од нашиот анализен портрет. Во електронскиот прашалник, како и во организираните фокус групи, секое прашање беше креирано со цел да отвори врати кон животните искуства на испитаниците, било тоа да е поврзано со пол, етничка припадност, возраст, образование или месечни приходи. Секој испитаник, како учесник во ова истражување, донесе своја приказна, што ја направи нашата анализа подобра, поинтензивна и на крајот, подготвена за да одговори на нашите главни цели.

- Маргинализираните групи се изложени на социо-економски предизвици, а од особен интерес е анализата на лица без завршено образование, каде што 42% од нив се невработени, а преостанатите 58% се вработени или се корисници на социјална помош.
- Повеќето од испитаниците изразуваат недоверба кон институциите, при што корупцијата и политизацијата се наведени како главни фактори. Ова може да биде од круцијално значење за креирање политики што ќе ја зголемат довербата во јавните институции,

CRPM Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС

Austrian Development Agency
Gender Budget Watchdog Network for a gender equal region
Sida SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

воведувајќи мерки за борба против корупцијата и јавна ангажираност и мерки против политизација на државните тела.

- Од одговорите ја увидовме и потребата за учество во креирањето и имплементирањето мерки и програми наменети за маргинализираните групи каде што овие групи сакаат да се вклучат во позиција на активни учесници во формирањето политики и програми што директно влијаат на нивните животи.
- Потребата за вклученост, транспарентност на буџетирањето и донесувањето инклузивни решенија се истакнати како критичен аспект во изградбата на едно поинклузивно општество.
- Во согласност со одговорите, само мала група испитаници учествувала во процесот на буџетирање, што може да се толкува како индикатор за низок степен активно учество на граѓаните во одлучувачките процеси.
- Кога ги ставаме во контекст на кризни состојби, 40% одговараат дека реакцијата на локалната самоуправа е професионална и навремена, додека пак 60% од испитаниците изразуваат недоверба, односно недостапност, карактеризирана со “немање слух за проблемите на граѓаните“.
- Првичната анализа го идентификуваше пристапот до услугите во руралните области како зголемен предизвик, кој бара структурни промени во инфраструктурата и организацијата на услугите. Ова ја обликуваше потребата за инвестиции во развојот и подобрувањето на транспортната и комуникациската инфраструктура како една од првите предложени мерки на лицата коишто потекнуваат од руралните области.
- Испитаниците сметаат дека преземањето мерки како што се формирање работни групи, учество на локалните жители во развојот на кризни планови, бесплатните образовни кампањи и вметнувањето образовен материјал во училиштата, се неопходни за идно подобрување на свеста на граѓаните, како и респонзивноста на институциите.
- Најкорисна поддршка за маргинализираните групи би била фокусирана програма за образование и обука, заедно со постојана поддршка преку здравствени и социјални програми. Дополнително, ангажманот на општинската администрација и поддршката на локалната заедница се издвојуваат како значајни фактори за надминување на кризни ситуации и предизвици.

CRPM Center for Research and Policy Making ...policy impact since 2004
ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС

# 3. Цели, целни групи и методологија

**Целта на истражувањето** е да се спроведе темелна анализа на политиките во Југоисточниот плански регион во однос на родовата еднаквост во услови на криза, но и да се идентификуваат потребите, искуствата, причините и последиците со кои се соочуваат жените и најранливите категории граѓани во услови на криза. Со користење на активностите за осознавање на политиките и социо-економските фактори што влијаат врз родовата еднаквост во услови на криза, целиме кон стимулирање промени и унапредување на политиките и мерките преку креирање препораки во согласност со добиените наоди во локалните програми, политики и мерки. На тој начин ќе им овозможиме на локалните власти од Југоисточниот регион да ги препознаат најефективните политики и мерки за намалување на трошоците за живот врз родовата еднаквост во услови на криза. Се стремиме кон постигнување неизбежни промени при планирањето на буџетот во услови на криза со цел обезбедување рамноправна, одговорна и зајакната програма што е фокусирана кон потребите и ранливостите со кои се соочуваат жените и најранливите категории граѓани. Објектот на истражувањето се фокусира на родовата еднаквост во услови на криза, влијанието на кризата врз родовата еднаквост во Југоисточниот плански регион и како локалните власти можат да ги подобрат своите политики и мерки за да ги заштитат жените и најранливите групи во општеството.

**Целните групи на ова истражување** се лицата коишто се најзасегнати во услови на криза во четирите општини во Струмичкиот микро регион (Босилово, Василево, Струмица и Ново Село). Инклузивниот избор на испитаници обезбеди различни перспективи за да ја добиеме целосната комплексна слика за влијанието што ја има кризата врз родовата еднаквост, се разбира, со особен фокус кон групите коишто се најизложени на ризик. Овде ги вклучуваме:

- Граѓаните коишто живеат во руралните средини, изложени на дополнителни предизвици и коишто често се соочуваат со ограничен пристап до ресурсите и услугите во услови на криза;
- Лицата со инвалидитет, каде што ќе се идентификуваат и анализираат нивните потреби и предизвици во кризни ситуации, како и пристапот до соодветни услуги и ресурси што влијаат на родовата еднаквост;
- Испитаниците од маргинализирани заедници, коишто припаѓаат во етнички или социо-економски маргинализирани групи, каде што нивната вклученост ќе придонесе кон воочување на отежнатите услови и трошоците за живот со коишто се соочуваат овие лица во услови на криза.
- Инклузивност овозможуваме и преку анализа на влијанието на кризата врз жените и мажите со различни нивоа на образование и вработеност;
- Вклучувањето на децата и лицата постари од 65 години е важен чекор во целосното разбирање на влијанието на кризата врз различните демографски групи.

Истражувањето користи комбиниран пристап, интегрирајќи квалитативни и квантитативни методи,

за да се обезбеди целосна и комплексна анализа на влијанието на кризата врз родовата еднаквост. Комбинирањето на овие два типа истражување овозможува добивање детална анализа на индивидуалните искуства и перцепции, а истовремено собирањето податоци обезбедува објективна основа за формулирање препораки и мерки за подобрување на политиките и програмите во Југоисточниот плански регион. Квалитативниот дел на истражувањето вклучува фокус групи, интервјуа и анализа на тековни документи. Ова обезбеди еден детален приказ на искуствата, перцепциите и потребите на целните групи во услови на криза. Додека пак, квантитативниот пристап беше спроведен преку анкетирање и обработка на статистички податоци. Ова овозможи широка анализа на политиките и имплементација на конкретни мерки. За постигнување на оваа цел, истражувањето се темели врз користење комплексна методологија, вклучувајќи развивање и користење инструменти за собирање податоци на терен и анализа на политиките со родова проценка на корисниците на буџетот.

Анализата е подготвена врз основа на собраните податоци од планираното истражување во периодот од септември до ноември 2023 година во четирите општини од Струмичкиот микро регион во кои значително се изразени предизвиците со кои се соочуваат посочените целни групи во услови на криза. Овде спаѓаат општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Воспоставувањето мрежа со претставниците на владините институции и граѓанските невладини организации за родовата еднаквост во родовото буџетирање, придонесе за утврдување на потребата од идентификација на експертен тим на теренски истражувачи, дефинирање на целни групи, изработка на прашалник, како и анализа на локалните политики и програми. Како инструменти за собирање релевантни податоци се користеа:

- Електронско анкетирање;
- Анкетирање на терен;
- Интервју;
- Фокус групи.

Во текот на истражувачкиот процес користевме интердисциплинарен метод, вклучувајќи ги различните дисциплини и актери како експерти, владини организации и граѓански организации. Собирањето на податоците на терен се одвиваше преку прецизен и структуриран процес. Реализиравме повик за теренски истражувачи, преку кој регрутиравме 5 (пет) истражувачи кои беа одговорни за собирањето податоци од терен за Струмичкиот микро регион, поделени по општини за обезбедување на посакуваниот репрезентативен примерок и тоа:

- ➢ Струмица – 150 испитаници;
- ➢ Босилово – 40 испитаници;
- ➢ Василево – 30 испитаници;
- ➢ Ново Село – 30 испитаници.

Истражувањето и собирањето на податоците на терен се спроведе во согласност со прописите за

заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, преземајќи ги сите пропишани мерки за обезбедување тајност и заштита при обработка на личните податоци со кои располагаат истражувачите, експертот и организацијата. Во најголема мера, при истражувањето беше почитуван и применуван принципот на доброволно учество, каде што испитаниците имаа своеволно право да одлучат дали ќе учествуваат или не, без какви било последици во истражувањето. Сите собрани податоци беа третирани строго доверливо во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци.

Во текот на истражувањето, теренските истражувачи прибираа детални податоци за искуствата, проблематиките и потребите на мажите и жените, вклучувајќи ги лицата од етничките малцинства, ранливите категории граѓани (жени и мажи на кои најмногу им е потребна помош), лица од руралните средини, лица со посебни потреби, стари и изнемоштени лица, бегалци и мигранти. Истражувачите, преку користење електронско анкетирање, анкетирање од терен и извршени интервјуа на терен, ги идентификуваа индивидуалните и заедничките предизвици, ранливости и потреби на таргетираната категорија луѓе во услови на криза. Анализата за потребите, освен преку истражување со анкетен прашалник, беше базирана и на извршени интервјуа и спроведени фокус групи, со цел да се препознаат и разберат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат мажите и жените, како и ранливите категории граѓани во услови на криза.

# 4. Податоци добиени од истражувањето

## 4.1.Демографски податоци

Во рамките на истражувањето се обработени податоци од вкупно 250 испитаници со цел да се добијат подетални и инклузивни резултати, вклучувајќи еднаков број мажи и жени, застапување на сите возрасти и опфаќање луѓе од четирите општини во Струмичкиот микро регион.




Анкетата е спроведена на вкупно 250 испитаници од општините со процентуална застапеност и тоа: Струмица со 61.2%, Босилово со 14%, Ново Село со 12% и Василево 12.8% и се обработени категоризирани прашања со цел да се добие детален приказ на фактичките тешкотии и предизвици со кои се соочуваат таргетираните граѓани.

Од вкупниот број испитаници, 46.8% се жени, а 46.4% мажи. За добивање целосни и веродостојни резултати ни беше неопходно обезбедување различни аспекти со акцент на родовата еднаквост и застапеност со истражувањето.







Во истражувањето се застапени лица коишто припаѓаат во различни старосни групи со цел да се обезбеди инклузија и толкување што ќе придонесе и ќе осигури реални гледишта и препораки. Процентуалната застапеност на испитаниците изгледа вака:

Во истражувањето се застапени лица од различна етничка припадност со цел да се обезбеди инклузија и толкување што ќе придонесе и ќе осигура реални гледишта и препораки. Застапеноста на испитаниците во проценти изгледа вака:




Образованието се јавува како значаен фактор при изработка на анализите и толкувањата каде што диверзитетот во степенот на образование обезбедува пресврт на крајните заклучоци.  Процентуалната застапеност на испитаниците изгледа вака:



Во рамките на истражувањето, испитаниците беа класифицирани во различни групи, вклучувајќи различна процентуална застапеност на следните категории:

- Деца – 2.4%
- Жени - 29.6%
- Лица со инвалидитет – 2%
- Мигранти и бегалци – 0.4%
- Население од рурални области – 20.4%
- Национални и етнички малцинства – 8.4%
- Ниту едно од наведените – 30%
- Самохран родител – 0.8%
- Стари и изнемоштени лица – 5.6%
- LGBTQ – 0.4%

Вклученоста и различноста ни обезбедуваат комплексна перспектива за анализата на родовата еднаквост во услови на криза. Инклузивниот пристап на ова истражување овозможува целосно разбирање на предизвиците и потребите што ги идентификуваат различните групи во заедницата.

## 4.2.Интерпретација на податоци од истражувањето

За понатамошна елаборација на податоците добиени од теренското истражување, прашањето за вработувањето ни овозможува правилни толкувања и интерпретации на родовото буџетирање на општините, како и изнаоѓање инклузивни решенија во услови на криза. Од вкупниот број испитаници, процентуално на прашањето дали сте вработен/не одговориле:




На прашањата: "Доколку сте вработен/а, дали тоа што сте припадник на една од маргинализираните групи Ви предизвикува проблеми на работното место? и "Доколку на претходното прашање одговоривте со Да, Ве молам наведете го конкретниот проблем со кој се соочувате:" добивме значајни одговори од кои 4.4% од испитаниците придонесоа да ги увидиме секојдневните предизвици со кои се соочуваат на своето работно место и тоа: проблеми со превозот како резултат на потеклото од рурална средина, инвалидитет, како и недоверба и дискриминација по основ на етничка припадност. Голем дел од одговорите, исто така, се сведуваат на намалените можности на лицата од руралните средини. Покрај проблемот со превозот, дел од нив се соочуваат со ограничени можности за вработување, ограничени образовни можности, инфраструктурни тешкотии кога станува збор за лица со попреченост итн.

На прашањата: "Доколку не сте вработени, дали тоа што сте припадник на една од маргинилизираните групи Ви го отежнува процесот на наоѓање работа?" и "Доколку на претходното прашање одговоривте со Да, Ве молам наведете го конкретниот проблем со кој се соочувате:" 2.5% од испитаниците одговориле со Да, а како конкретни проблеми се издвоени:

- Грижа и нега на деца
- Инвалидитет
- Невработеност
- Несоодветно образование
- Живеење во рурална средина
- Етничка припадност

Од аспект на анализата на податоците, од суштинско значење беше осознавањето со каков месечен приход располагаат маргинализираните категории граѓани. Истовремено, резултатите од истражувањето ни обезбедија важни информации, овозможувајќи ни да ги идентификуваме предизвиците и да ги разбереме и толкуваме тешкотиите и проблемите што произлегуваат од финансиските предизвици. Како одговори на прашањето "Колку се Вашите просечни месечни приходи?" испитаниците ни ги дадоа следниве податоци од кои, според процентуалната распределба, може да се заклучи:

- **До 21.000 денари – 25%** од испитаниците располагаат со ниски приходи што потенцира сериозни предизвици во услови на економска несигурност.
- **Од 21.000 до 30.000 денари - 28%** од испитаниците располагаат со ниски приходи што предизвикува финансиска загриженост и ни открива реалност во којашто луѓето секојдневно се соочуваат со повеќе предизвици и ограничувања во однос на финансиската стабилност. Ова значајно го детерминира квалитетот на живот на овие луѓе.
- **Од 30.000 до 40.000 денари - 15%** од испитаниците. Оваа категорија може да се смета за група со среден економски статус, што нуди платформа за просек и релативно стабилни финансии.
- **Од 40.000 до 60.000 денари – составувајќи 4%** од испитаниците и се карактеризира со располагање на висок приход во однос на истражувањето. Ова креира значителна разлика и создава нови перспективи при соочување со предизвици кај овие категории граѓани.
- **Над 60.000 денари – 2%** од испитаниците располагаат со финансиска стабилност што стимулира повисока потрошувачка моќ, повисок квалитет на живот, влијание врз локалната економија и значително подобрување на општествениот и економскиот развој. Присуството на оваа група предизвикува значајна социјална и економска диференцијација.
- **Неостварување приходи, издржување од други лица (родители, партнер/ка, старатели) – 18%** од испитаниците не остваруваат приходи и укажува на социјална зависност, како и потреба за дополнителна социјална поддршка.
- **Корисници на социјална помош – присуството на 5%** од испитаниците коишто се корисници на социјална помош е показател за висок процент на диференцијација и создава различни толкувања од социо-економски и социјални гледишта. Ова вклучува зголемување

од потребата за создавање дополнителни мерки и програми за социјална поддршка, како и доведување до прашање ефикасноста на веќе постоечките социјални политики и програми.

- **Приход од земјоделство – 1%** од испитаниците ни открива важен аспект во финансиската структура на истражуваната група на граѓани каде што земјоделството е главен извор на приход во создавањето и обезбедувањето финансиска стабилност. Од големо значење е врската за локалната заедница, култура и стимулирање на земјоделството како поддршка и вклученост во целно родово буџетирање.
- **Пензиониери – 1%** од испитаниците - открива дополнителна социо-економска и културна динамика како компонента што може да се анализа и којашто е значајна за целосно разбирање на различноста во истражуваната група. Вклученоста на пензионерите, како група граѓани со стабилни приходи, нè подготвува и организира за соочување и справување со предизвиците вклучувајќи здравствени, социјални и економски аспекти.
- **Немање редовни приходи, работење без склучен договор за вработување – 2%** од испитаниците ни открива дополнителни аспекти коишто во анализата ќе се обидеме да ги идентификуваме предизвиците со кои оваа група се соочува, како и можни аспекти за нивната социјална и економска интеграција. Ова ќе се овозможи преку процесот на создавање политики и мерки што ќе ги поддржат нивните потреби и интереси.

Диференцијата во месечните приходи не само што го истражува економскиот статус на испитаниците, туку и ни обезбедува платформа за идентификација на специфични потреби и предизвици. Анализата на овие податоци отвора можности за креирање ефикасни програми и политики за поддршка на овие групи и обезбедување еднаква вклученост при распределба на општинските буџети.




Како одговори на прашањето “Дали имате слободен пристап до здравствените и социјалните услуги?“ и “Доколку одбравте НЕ, Ве молам наведете го конкретниот проблем со кој се соочувате:“ можеме да увидиме дека 6% од испитаниците не уживаат слободен пристап до здравствените и социјалните услуги. Ова открива потреба за поединечни и системски интервенции. Специфичните предизвици вклучуваат недостиг на здравствено осигурување, работење без формално правно склучен договор за вработување, користење приватни здравствени услуги како резултат на нерегулирано здравствено осигурување, како и постоење културни и социјални бариери. Анализирајќи ги одговорите, можеме да

заклучиме дека неинформираноста и неформалното работење, како и бариерите за пристап до услугите, можат да бидат фактори што влијаат значително на овој проблем. Целиме кон воочување на потребата за создавање мерки и интервенции што ќе го подобрат пристапот до здравствените и социјалните услуги, со фокус на групите со најголеми предизвици.

На прашањето кое се однесува на почитувањето на правата од страна на поединци и државни институции, испитаниците донесоа различни и интересни одговори што на несебичен начин го илустрираат нивното искуство и перцепција за почитувањето на своите права како припадници на маргинализирани групи. Така, 18% од испитаниците изразија висок степен на недоверба кон државните институции, со мнозинство наведувајќи дека не биле ислушани. Тоа придонесува кон засилување на чувството на отфрленост од општеството, системот и резултира со недоверба во институциите. Значителна е бројката кај испитаниците дека определена група луѓе не биле избрани на работно место поради нивната припадност во маргинализирани групи што потенцира на постоењето висок степен на дискриминација во вработувањето и ја зголемува потребата за подобрување на антидискриминациските мерки. Неколку испитаници ја поврзаа својата маргинализација со способноста да се справуваат со кризни ситуации како што се пожари и поплави. Ова може да укаже на потребата за создавање и примена на специфични мерки и планови за исклучително загрозените категории граѓани во услови на криза. Истакнати се проблемите во пристапот до здравствените и образовните услуги, како и случаите на физичко насилство и дела од омраза, со што се потенцира несигурноста и ранливоста на маргинализираните групи. Ова покажува загриженост и потреба за подобрување на системите и мерките за заштита на правата на овие групи.






Според тоа, **71.4% од испитаниците** коишто одговориле дека се соочиле со непочитување на правата, не иницирале постапка пред државните институции. Ова се јавува како резултат на недостиг на доверба во постоечките механизми за жалба или нивна неефикасност, како и дефицит во обезбедувањето соодветна правна заштита. Анализата ја потврдува потребата од подобрување на механизмите за жалба и поднесување пријави. Потребно е детално разгледување на причините за невклучување на жртвите во овие процеси и да се преземат мерки за подобрување на пристапот и ефикасноста на државните институции. Инаку, 33.6% од испитаниците одговориле и наброиле кај кои можни инстанци се обратиле за постапка, а вклученоста на различни институции каде што се пријавени повредите (професор на факултет, служба во којашто работат, невладини организации, суд, полиција, Центар за социјална работа и итн.) открива дека постои зголемена свест и волја на луѓето да се обратат за помош и решавање на своите проблеми. Ова истовремено ја идентификува потребата за поддршка и адвокатура во процесот на пријавување и решавање повреди на права, користејќи правни и институционални механизми.




На прашањето **“Дали вашиот случај беше решен?“ и “Доколку одбравте НЕ, наведете поради која**

**причина?“** добивме одговори кои реалистично ги илустрираат различните причини поради кои случаите не се разрешуваат, а некои ниту пак се поднесуваат.

Така, 4.4% од испитаниците како главни причини ги издвоија:

- **Изјава: „Немам доверба во институциите; Немам време да губам по нив."**

Ова е приказ на општата апатија кон системот од страна на граѓаните. Се јавува како резултат на недоверба поради недостаток на ефикасност, коруптивни елементи и неспособност на институциите да ги заштитат правата на граѓаните. Исто така, ова може да произлезе и како резултат на лична фрустрација пред институциите.

Овие изјави ни укажуваат на потребата од стратегии за подобрување на комуникацијата помеѓу граѓаните и институциите, како и обезбедување пристап до ефикасни и справедливи правни механизми. Од енормно значење е и адекватно да се адресираат предизвиците што можат да влијаат на довербата во институциите, вклучувајќи ги прашањата за корупција и недоверба во правните постапки.

- **Изјава: „Немав поддршка од семејството; Недостаток на желба за расчистување на случајот; Оправдани причини."**

Личните фактори како израз на личните уверувања и верувања, директно ги спречуваат граѓаните при пријавување тешкотии и неправилности. Овде правопропорционално врз одлуката влијае нивото на поддршка од семејството, ентузијазмот и личната волја за учество во процесот на расчистување. Изјавата "оправдани причини" рефлектира и вклучува субјективни пречки или обвинувања кои можат да бидат клучни за започнување или незапочнување на процесот кон решавање социјални и правни предизвици.

- **Изјава: "Партиска припадност спротивна од сегашната власт"**

Овој исказ сугерира дека политичката припадност може да има влијание врз односите во правосудниот или административниот процес што може да резултира со зголемено чувство на недоверба во институциите. Ова го истакнува значењето и потребата да се обезбеди праведен и неутрален пристап за да се гарантира праведност во решавањето слични случаи.

- **Изјава: "Поради тоа што сум Турчинка"**

Оваа изјава ни упатува на постоење дискриминација или негативни стереотипи што можат да влијаат врз начинот на решавање на случаите. Потсетувањето на важноста за спречување дискриминација и обезбедување неутрално и справедливо постапување со сите граѓани, независно од нивната етничка припадност е уставно право на секој граѓанин во државата. Оваа изјава ни ја открива повторната потреба од воведување мерки и стратегии за подигнување на свеста за заштита на правата на лицата кои можат да бидат изложени на дискриминација поради етничката припадност и културните разлики.

- **Изјава: „Мојата професија и образование ми овозможуваат полесен пристап до сите институции и остварување на моите права“**

Со изјавата откриваме гледишта каде што испитаниците ни даваат реален приказ дека образованието и вработеноста создаваат привилегии сами по себе, овозможуваат лесен пристап до различни институции и информации, брзо реагирање на барањата и успешно остварување на правата на поединците. Ваквата изјава го повлекува прашањето за евентуалната нерамноправност во пристапот до институциите меѓу лицата со различни нивоа на образование и вработеност.

- **Изјава: „Случајот беше решен, но не беше спроведен докрај.“**

Оваа изјава ја анализираме дека иако постои правосудно решение, сите мерки или дејства што треба да следат, не биле реализирани или спроведени докрај од страна на институциите. Ова може да биде толкувано поради бројни причини, како што се административните процеси и процедури или други пречки.

За успешно решавање на случаите треба да се разработат стратегии за подобрување на довербата во институциите, обезбедување дополнителни мерки за невработените, вклучувајќи образовни кампањи и постојани кампањи за пријава и превенција од дискриминација со цел промовирање ефикасни и справедливи правни механизми.

Како припадник на маргинализирана група, дали имате доверба во државните институции?




Одговорите добиени од испитаниците на прашањата **„Како припадник на маргинализирана група, дали имате доверба во државните институции?“ и „Доколку одбравте НЕ, наведете поради која причина?“** откриваат длабока недоверба и сериозни предизвици со кои се соочуваат граѓаните како припадници на маргинализирани групи во однос на државните институции.

Главните причини за предизвиканата недоверба се разнообразни и посочуваат на корупција, политизација и неефикасност на институциите.

Ако дадеме критички осврт, корупцијата и политизацијата во секое државно тело се застапени како најчест одговор при извршеното истражување што формира општ впечаток дека институциите не функционираат независно и се подложни на манипулации со цел задоволување на поединечни интереси. Испитаниците имаат доминантно мислење дека државните институции се управувани од страна на партизацијата и непотизмот, а ова директно влијаае на објективноста и способноста за служење на интересите на сите граѓани и притоа создава страв и недоверба кај граѓаните.

Испитаниците изразуваат нецелосна доверба во институциите, но позитивниот аспект во нивните одговори е валидирањето на државните административни службеници коишто се ангажирани за вистинска промена. Препознавањето на овие напори е важен чекор кон поттикнување на довербата во институциите. Како следни чекори, предлагаме воведување интензивни напори за реформи и подобрувања, со цел изградба на институции што ќе служат на интересите подеднакво на сите граѓани и ќе воспостават доверлив однос.

Препраќањето од институција до институција со цел земање одговорност на државните службеници, како и незаинтересираноста за помош на граѓаните се идентификуваат како главни причини за недоверба кај граѓаните. Споменати се и случаи кога лицата губат време пребарувајќи

ги вистинските служби, што може да биде резултат на неефикасниот систем и ограничените можности за пристап. Овие аспекти ни ја откриваат потребата за поедноставување на процесите и зголемување на ангажманот кон граѓаните.

Неколку одговори од истражувањето ни отвораат нови аспекти на анализа укажувајќи дека кај граѓаните доминира чувството на небезбедност и незаштитеност од страна на државните институции. Ова создава потреба за длабока анализа на причините и последиците на ова чувство, бидејќи државните институции треба да ги обезбедат условите за безбедност и заштита на сите граѓани, независно од нивната припадност кон одредена група.

Недовербата се поврзува и со отсуството на транспарентноста на институциите, каде што главно се критикуваат прописите и процесите што често се непознати за граѓаните и создаваат конфузија при остварувањето на основните човекови права.

Етничката припадност се наведува како причина за недоверба, што покажува дека претпоставките и стереотипите влијаат на оценката на ефикасноста и објективноста на институциите.

Одговорите на истражувањето ги откриваат суштинските предизвици со кои се соочуваат припадниците на маргинализираните групи во контекст на нивната вклученост во процесите на донесување одлуки, како и гледиштата што ги изразуваат за причините зад тие предизвици.

Дали сметате дека има доволна вклученост на припадниците на маргинализираните групи при донесување одлука на локално и национално ниво?




Во прв план, дискриминацијата и недовербата се идентификуваат како примарни причини за невклученоста во одлуките. Испитаниците ни укажуваат дека нивната волја за активно учество е ограничена, тргнувајќи од почетокот, односно лишувањето на граѓаните од механизмите и учеството во донесувањето одлуки на локално ниво што доведува до недоверба во институциите. Дополнително, граѓаните изразуваат висок степен на недостаток од информации, односно јасно и прецизно разбирање за тоа како може да се вклучат во процесот на донесување одлуки и колкаво е влијанието врз локалните одлуки и мерки. Институциите треба да разработат мерки што ги зајакнуваат механизмите за заштита, обезбедуваат застапеност од секоја маргинилизирана група и гарантираат слобода на изразување. Процесите за воведување одлуки треба да бидат инклузивни, со посебен фокус на обезбедување безбеден простор за претставници од секоја група. Дел од одговорите изразуваат недоверба во системот поради политичката партизација и силното уверување дека одлуките се донесуваат во интерес на одредени групи, а не на целокупната заедница.

Изјавата: „Се вклучуваат само кога општината има корист од нив поради реклама“ е една која ни

отвора простор за длабока анализа за причинско-последичната врска и општото мислење што владее кај граѓаните кон државните институции и локалната политика. Идејата дека граѓаните од маргинализираните групи се вклучуваат само кога општината има корист од нив и тоа поради реклама, имплицира дека вклучувањето е условено со интересот и потребите на самите институции. Ова може да биде резултат на ситуации каде што вклучувањето на овие лица се користи како средство за прикажување позитивна слика за општината, но не и за вистинско задоволување на нивните потреби и интереси. Ова се користи кога институциите се фокусирани на остварување политички цели и обезбедување лажно заедништво, без да се слушаат и да се решаваат проблемите на овие граѓани. Оваа изјава значително придонесува за намалување на довербата на граѓаните во институциите. Ако граѓаните го разбираат вклучувањето како површна реклама/ остварување на определена политичка цел, може да доведе до целосно губење на довербата во институциите и да го разберат целиот процес како крајно неискрен и неетичен.

Дали има одредени права што се важни за припадниците на маргинализираните групи, а судската практика покажува дека државата не ги почитува?




На прашањата **„Дали има одредени права што се важни за припадниците на маргинализираните групи, а судската практика покажува дека државата не ги почитува?“ и „Доколку одбравте ДА, наведете го конкретниот проблем со кој се соочувате:“** добивме одговори што отвораат поглед кон различните аспекти на животот и предизвиците со кои се соочуваат припадниците на маргинализираните групи. Потребата за бесплатна правна помош е карактеризирана како еден од главните предизвици со кои се соочуваат испитаниците и се одразува на дефицитот на правна заштита за овие групи. Со креирање иницијативи и мерки за обезбедување бесплатни правни консултации и помош ќе се овозможи делумно решение на посочениот проблем кај овие групи лица.

Предизвиците со пристапот до дом и образование потсетуваат на неопходноста од системски промени, што покажува на несигурноста и ранливоста на жртвите на насилство. За решавање на овие проблеми, државата може да воведе мерки што вклучуваат создавање безбедни простори за жртвите на насилство и подобрување на пристапот до образование преку образовни програми и стипендии.

Како конкретен проблем со кој се соочуваат маргинализираните групи се посочуваат постоечките програми или мерки што не ги задоволуваат нивните потреби. Потребно е создавање целосни програми и мерки што ќе ги обезбедат со неопходната помош и поддршка.

Посочен проблем од истражувањето е и повреда на основните човекови права и несоодветни пресуди на суд кои поттикнуваат за неопходноста од постојано подобрување на судскиот систем.

Ова бара отстранување на системските бариери и застапување на правата на маргинализираните групи во законодавството и практиката преку обука и следење на судските постапки, како и воведување мерки за спречување на неефикасноста и пристапот до услугите.

Проблемот со пристапот до услугите во руралните области претставува сериозен предизвик за социо-економскиот развој на маргинализираните групи во државата. Изразените тешкотии, како што се недостигот на транспортните услуги и непристапните подрачја, влијаат на целокупниот квалитет на живот, а посебно го ограничуваат пристапот до здравствените установи, образованието и можностите за вработување. Ова бара структурни промени со цел овозможување пристап и остварување на основните човекови права на оваа група граѓани. Потребно е да се имплементираат инфраструктурни промени и програми преку инвестиции во изградба и подобрување на патиштата со што ќе се олесни пристапот до заедниците и ќе се отстрани бариерата меѓу руралните и градските подрачја.

Од вкупниот број испитаници, на прашањето дали имале искуство со некоја од следниве кризни ситуации во нивната област, одговориле:

- 25.2% од испитаниците се соочиле со поплави;
- 11.2% од испитаниците се соочиле со пожари;
- 10.4% од испитаниците се соочиле со земјотреси;
- 6.8% од испитаниците се соочиле со уништување на поседи;
- 2.8% од испитаниците се соочиле со виша сила
- 57.2% од испитаниците не се соочиле со ниедна кризна ситуација.

Доколку одбравте некоја од наведените кризни состојби, Ве молиме заокружете каква беше реакцијата на локалната самоуправа при справувањето со кризната ситуација?




На прашањето **„Доколку одбравте некоја од наведените кризни состојби, ве молам заокружете каква беше реакцијата на локалната самоуправа при справувањето со кризната ситуација?“** само 50% од испитаниците ги споделија позитивните искуства на операторите со професионална, ефикасна и навремена помош. Ова се јавува како резултат на макотрпните напори и успешното управување на локалната самоуправа во справувањето со кризните ситуации.

Сепак, постојат и негативни аспекти што укажуваат дека 6.6% од испитаниците поради недоверба

во институциите воопшто не побарале помош при соочувањето со кризни ситуации. Инаку, 30% од испитаниците, иако пријавиле кризна ситуација, не биле соодветно ислушани од операторите или не добиле соодветна помош. Дополнително, 12.6% изразија незадоволство и гнев што се јавува како резултат на недостапноста на операторите и неодговорноста на институциите. Особено забележително е отсуството на искуства со проактивно барање помош, што упатува на дефицит на доверба во локалната самоуправа и недостаток на вовлекување на граѓаните во креирањето решенија.

Од вкупниот број испитаници, на прашањето дали сметаат дека информациите и предупредувањата од локалната самоуправа биле јасни и достапни пред кризната ситуација, одговориле:

- 23.6% од испитаниците одговориле со ДА;
- 17.6% од испитаниците одговориле со НЕ;
- 56% од испитаниците одговориле со НЕ СУМ СИГУРЕН/А
- 1.4% од испитаниците одговориле дека не се соочиле со ваква ситуација;
- 1.4 % од испитаниците одговориле со немам од каде да се информирам;

Од добиените резултати, само 21.6% од испитаниците ја добиле соодветната помош и поддршка на институциите по завршувањето на кризната ситуација. 19.2% одговориле дека не добиле помош, 52% изјавиле дека не се сигурни дали ја имаат добиено потребната помош по завршувањето на кризната состојба.

На прашањето „ Како сметате дека може да се подобрат идните решенија на локалната самоуправа за справување со кризни ситуации?“ дури 67.2% од испитаниците предложија различни мерки за подобрување на реакцијата на локалната самоуправа во кризни ситуации. Во согласност со изготвената анализа на одговори, навременото дејствување, ангажираноста на локалната самоуправа, одговорноста, ислушувањето на потребите на граѓаните и оперативната ефикасност се од клучно значење за подобрување на комуникацијата помеѓу граѓаните и државата. Ваквиот пристап овозможува брза и навремена реакција како одговор на кризни ситуации од страна на институциите, а резултира со зголемена доверба кај граѓаните.

Испитаниците изразија зголемена потреба од обуки за реагирање во кризни ситуации како на вработените во локалната самоуправа, така и кај граѓаните, што би гарантирало професионалност и ефикасност во управувањето со кризни ситуации.

Изградбата на патишта и канализација, како и инвестирањето во технолошки и комуникациски иновации, се едни од предложените мерки на испитаниците. Ова е од суштинско значење особено во руралните области, каде што пристапот до транспорт и интернет комуникацијата може да биде ограничен во голема мера, а незадоволството на граѓаните значително се зголемува. Испитаниците ја нагласија важната улога на вклученоста и информираноста на граѓаните, што ќе им овозможи да

бидат активен дел во процесот на управување и справување со кризи и тоа, преку користење локални медиуми за информирање. Стратегиите за подигнување на свеста за важноста при справување со кризни ситуации треба да бидат постојани и приспособливи како на различните потреби на заедницата, така и во зависност од степенот на образование, пристапот до услугите и припадноста на маргинализираните групи. Вршењето редовна ревизија на плановите во кризни ситуации и усвојувањето технолошки иновации се едни од предложените мерки кои би овозможиле брзо и ефикасно справување со кризните состојби. Во однос на предложените решенија, испитаниците навеле добивање финансиска поддршка, како конкретни акции во вид на поддршка на оштетените лица и на лицата со посебни потреби, обуки на тимови за кризно управување и алармирање преку медиуми како акции што би придонеле кон подигнување на свеста за сите можни кризни сценарија со цел успешно справување со нив. Како дел од механизмите за подобрување на способностите за управување со кризни ситуации е предложената соработка со невладините организации.

Овие конкретни предлози имаат висок потенцијал да вродат видливи и брзи резултати во справувањето со кризи.

Дали сте запознаени со концептот на родово буџетирање и неговото значење во достигнувањето родова еднаквост?




Резултатите покажуваат различни мислења и ставови кај испитаниците откако им беше поставено прашањето за запознавање со концептот на родовото буџетирање и неговото значење во достигнувањето родова еднаквост.
Мал дел од испитанциите одговориле со ДА, што значи дека имаат општо познавање на концептот родово буџетирање и неговата улога во поддршка на родовата еднаквост. Преку истражувањето утврдивме дека испитаниците се запознаени со актуелната дебата и вложените напори од страна на општините преку буџетските механизми и застапеноста во медиумите. Голем дел од испитаниците не се запознаени со концептот на родовото буџетирање. Ова може да биде резултат на недостаток на информации, образование, пристап до ресурси, медиумска покриеност или лична незаинтересираност. Голем дел од испитаниците имаат недостиг на разбирање на концептот родово буџетирање, но дефинитивно се отворени за да го прошират своето знаење.
Одговорите ни укажуваат на потребата за подигнување на свеста и разбирањето на концептот на родовото буџетирање. Едукативните кампањи, медиумската покриеност и достапноста на

информации можат значително да придонесат кон подобрување на разбирањето на концептот за достигнување родова еднаквост во заедницата.

Од вкупниот број испитаници, на прашањето „Дали сметате дека локалната самоуправа вклучува родово буџетирање во планирањето и извршувањето на активности за справување со кризните ситуации?“одговориле:

- 15.6% од испитаниците одговориле со ДА
- 22.4% од испитаниците одговориле со НЕ;
- 62% од испитаниците одговориле со НЕ СУМ СИГУРЕН/А

Прегледот на ставовите и мислењата на испитаниците за врската помеѓу родовото буџетирање и управувањето со кризни ситуации нуди важни насоки за размислување и дејствување. Само 15.6% од учесниците изразиле позитивен став, тие кои се заинтересирани и поддржуваат интеграција на родовото буџетирање во планирањето и реализацијата на мерки за време на криза. Добро е да се забележи дека овие лица се соочиле или ја разбираат потребата од еднаквост при распределбата на ресурси во време на криза и значителното влијание врз начинот на планирање и извршување на активностите. Спротивно на ова, 22.4% од испитанциите кои одговориле со негативен став, донеле заклучок дека при планирањето и управувањето со ресурси во кризни ситуации, не се имплементира родовото буџетирање. Сепак, најголемиот дел од испитаниците, односно 62%, изразиле висок процент на несигурност или недостаток на информации за родовото буџетирање и неговата имплементација во кризни ситуации, а воопшто и информации како родовото буџетирање може да има влијание на кризните ситуации.

Овие резултати апелираат кон потребата за поширока едукација и информирање на заедницата за значењето и бенефиците на родовото буџетирање во контекстот на управувањето со кризни ситуации. Организациите и владините институции треба да се ангажираат во образовни кампањи што ќе ги освестат луѓето за неопходноста и вредноста на вклучувањето на родовото буџетирање во секој аспект на животот, посебно во контекст на кризните ситуации. Само со подигнување на свеста и разбирањето за родовата инклузивност во сите сфери, можеме да создадеме уште подобра заедница каде што секој член ќе се чувствува поддржан и заштитен, независно од меѓусебните различности.

Резултатите од испитувањето за вклученоста на мерките и активностите во насока на спроведување на родовата рамноправност во јавното буџетирање нè доведуваат до интересни заклучоци. Според податоците, 14.8% од испитаниците изјавиле дека процесот на јавно буџетирање вклучува мерки и активности за спроведување на родовата рамноправност. Ова може да укажува на постојаност на напорите за воведување и одржување на родовата рамноправност во финансиските аспекти на јавниот сектор. Околу 48.4% од испитаниците изразиле негативен став во врска со вклученоста на родовата рамноправност во јавното буџетирање. Овој значаен процент може да открие недоверба и нереално спроведување на дополнителните мерки за родова еднаквост во финансиските

Дали сметате дека процесот на јавно буџетирање вклучува мерки и активности во насока на спроведување на родовата рамноправност?




алокации. Така, 36.8% од испитаниците изјавиле дека не се сигурни за вклученоста на родовата рамноправност во јавното буџетирање. Ова може да биде резултат на висок степен на нејаснотии или недостиг на информации за конкретните мерки и активности што ги спроведува локалната самоуправа.

Оваа анализа ни покажува дека постои висок степен на разновидност во перцепциите на испитаниците, па значителен број од нив укажуваат на недоверба и општо непознавање за вклученоста на родовата рамноправност во јавното буџетирање. Овие анализи само ја засилуваат потребата за подобрување на информираноста и соодветната комуникација за активностите поврзани со родовата рамноправност во финансиските аспекти на владините програми.

Од вкупниот број испитаници, на прашањето „Дали сметате дека буџетните решенија влијаат во обезбедување на поинклузивна, рамноправна и еднаква општина преку алокацијата на ресурсите кон поддршка на маргинилизираните групи?“ одговориле:

- 53.6% од испитаниците одговориле со НЕ СУМ СИГУРЕН/А
- 18.4% од испитаниците одговориле со ДЕЛУМНО;

- 15.2% од испитаниците одговориле со ДА, ВЛИЈАЕ;
- 12.8% од испитанциите одговориле со ЗНАЧИТЕЛНО;

Резултатите од испитувањето ни откриваат интересна динамика во перцепциите на испитаниците. Според податоците, 53.6% од испитаниците изразиле недостаток на знаење и мислење во врска со влијанието на буџетските решенија на поинклузивноста, рамноправноста и еднаквоста на општината. Ова ни ја потврдува потребата за креирање и изнаоѓање конкретни алатки и мерки за комуникација со граѓаните, како и освојување конкретни мерки со кои ќе се алоцираат буџетските средства во поддршка на маргинализираните групи. 18.4% од испитаниците изразиле делумна сигурност во влијанието на буџетските решенија. Ова може да се толкува како реакција на осознавањето на делумноста на влијанието, што може да биде резултат на недостаток на јасни и конкретни мерки. Само 15.2% од испитаниците сметаат дека буџетските решенија имаат некакво влијание и придонесуваат кон поинклузивната општина за сите. Ова покажува позитивен став и доверба во реализираните буџетски алокации што неминовно придонесуваат кон подобрување на условите за маргинализираните групи. Останатите 12.8% од испитаниците сметаат дека буџетските решенија имаат значително влијание. Ова може да се гледа како израз на засилената увереност дека буџетските алокации имаат значајна улога во обезбедувањето инклузивна, рамноправна и еднаква општина.

Дали сте учествувале во процесот на буџетирање во вашата општина?




Резултатите од истражувањето откриваат драматична диспропорција во учеството на граѓаните во процесот на буџетирање во општината. Резултатите покажуваат дека само мал дел од испитаниците, конкретно 9.6%, учествувале во процесот на буџетирање во нивната општина. Ова може да се разбере како индикатор за недостаток на активна граѓанска партципација во креирањето и одлучувањето на буџетските приоритети. Ова може да биде предизвикано од неколку фактори, вклучувајќи неинформираност, недостаток на време или отсуство на доверба во ефикасноста на нивното учество. Значително голем процент, 90.4% од испитаниците, изјавиле дека не учествувале во процесот на буџетирање. Овој висок процент може да биде резултат на недостаток на механизми или иницијативи за вклучување на граѓаните во овој процес, како и дефицит на информации или свест за значењето на нивното учество.

Анализата на овие резултати открива важен проблем во партиципацијата на граѓаните во буџетскиот процес. За да се подобри овој аспект, потребно е воведување и применување

стратегии, како и воведување активни мерки и механизми за зголемување на учеството во буџетскиот процес како на пример, форуми, работилници и виртуелни платформи за дискусии, зголемување на транспарентноста во процесот на буџетирање и обезбедување детални информации за учеството на граѓаните, како и креирање систем за добивање повратен одговор од граѓаните и демонстрирање практични примери за успешни идеи што биле имплементирани преку нивното учество.

Од вкупниот број испитаници, на прашањето „Дали постојат механизми за следење и оценување на ефективноста на мерките за родовото буџетирање?“ одговориле:

- 15.2% од испитаниците одговориле со ДА;
- 15.6% од испитаниците одговориле со НЕ;
- 69.2% од испитаниците одговориле со НЕ СУМ СИГУРЕН/А.

Значаен е процентот на граѓани, 15.2%, кои потврдуваат постоење на механизми за следење и оценување на ефективноста на мерките за родовото буџетирање и може да се интерпретира како дополнителен показател за степенот на информираност на граѓаните од аспект на буџетскиот процес и родовото буџетирање. Ова ни укажува на освестеноста за потребата од следење на ефектите на мерките од страна на граѓаните за родовото буџетирање. Најголемиот дел од испитаниците (69.2%) не се сигурни дали постојат механизми за следење и оценување, а 15.6% од испитаниците ни посочија дека постои недоверба во ефективноста на постоечките механизми. Одговорите демонстрираат потреба за подобрување на комуникацијата и информирањето на граѓаните за постоењето на механизми за следење и оценување на родовото буџетирање.

Дали сте информирани за мерките и програмите што ги усвоила локалната самоуправа за поддршка на маргинализираните групи во кризни ситуации?




Испитувањето што ги истражува ставовите на граѓаните поврзани со информираноста за мерките и програмите на локалната самоуправа за поддршка на маргинализираните групи во кризни ситуации, дава важни заклучоци што би можеле да послужат како основа за подобрување на комуникациските стратегии. Според резултатите, само 14.4% од испитаниците потврдуваат претходно познавање на мерките и програмите на локалната самоуправа. Ова може да се јави како резултат на успешен ангажман на локалната самоуправа во преносот на информации. Сепак, не можеме да ги занемариме испитаниците каде што 36.4% изјавуваат дека не се информирани, а 49.2% се несигурни во тоа. Недостигот на пристап до информации може да предизвика недоверба

во однос на мерките и програмите што се спроведуваат во кризни ситуации. Од целокупната анализа утврдивме дека граѓаните не знаат каде да бараат информации, а оние коишто имаат основно познавање, не се обидуваат повикувајќи се на претходното искуство со локалната самоуправа и засиленото чувство на беспомошност.

За подобрување на ситуацијата, предлагаме локалната самоуправа да инвестира во подобрување на комуникацијата со граѓаните преку редовни информативни кампањи, работилници и активен ангажман со заинтересираните групи кои значително би можеле да ја подобрат информираноста и јасноста за мерките и програмите што се имплементираат во кризни ситуации. Доколку граѓаните се подготвени и информирани, може да се очекува зголемена поддршка и легитимност на поделбата на ресурсите во кризни моменти.

Дали маргинализираните групи имаат можност за учество и влијание во процесот на креирање и имплементација на мерки и програми за криза?




При анализа на резултатите од истражувањето утврдивме дека испитаниците имаат изразен степен на несигурност и недоверба во институциите и владините програми. Според податоците, само 22.4% од испитаниците тврдат дека маргинализираните групи имаат можност да учествуваат и да влијаат во креирањето програми, додека голем дел од испитаниците, 61.6%, изјавуваат дека не се сигурни за можностите на овие групи да влијаат на креирањето и спроведувањето кризни мерки и програми. Еден од можните фактори за диференцијација во одговорите може да биде поради различната перцепција на секого од испитаниците за правата и процентуалната застапеност на маргинализираните групи во процесот на одлучување. Освен можностите за учество, овде е потребно да се анализира и постоењето ефективни канали за активно учество на маргинализираните групи во креирањето и имплементацијата на одлуки.

# 5. Сумирање на податоци

Како точки на подобрување, предлагаме креирање и поддржување на механизмите за активно учество на маргинализираните групи. Важно е да се обезбедат обуки и ресурси за маргинализираните групи да ги разберат своите права, како и начините на коишто можат да ги засилат своите гласови во креирањето политики и мерки. Слушањето и вчитувањето на нивните искуства и потреби се фундаментални за креирањето ефективни и прифатливи мерки за кризи што ќе ги задоволат потребите на сите слоеви на општеството.

Маргинализираните групи во секое општество се изложени на специфични предизвици и кризи. Испитаниците изнесоа различни перспективи на прашањето каков вид поддршка и помош би биле најкорисни за маргинализираните групи во нивната општина со цел надминување на кризите и проблемите со кои се соочуваат. Тие се предмет на анализа што ќе се обидеме да ги елаборираме.

Еден од главните аспекти што се издвојува од одговорите е потребата за финансиска поддршка и можност за вработување. Како најчест одговор од истражувањето е отворање работни места и можност за вработување што ни ја открива длабоката потреба на маргинализираните групи за економска независност. Финансиската поддршка заедно со субвенциите, се посочува како начин за олеснување на животните услови. Од друга страна, посочувањето за потребата од доедукација, едукација и пристап до образованието како форма на поддршка, открива длабока свест за значењето на вештините и знаењата за подобрување на шансите за вработување. Со вложување во едукативните и образовните програми би можеле да постигнеме повисок степен на самостојност кај маргинализираните групи. Од одговорите ја увидовме и потребата за учество во креирањето и имплементирањето мерки и програми наменети за маргинализираните групи коишто сакаат да се вклучат во позиција на активни учесници во формирањето на политики и програми што директно влијаат на нивните животи. Ова истовремено може да ги засили нивните гласови и да придонесе во изградбата на поинклузивно општество. Високоразвиената самосвест кај маргинализираните лица се воочува како предложена мерка за подобрување на советодавната помош и психосоцијалната поддршка како средства за зголемување на резистентноста и подобрување на менталното здравје на маргинализираните групи. Овие видови поддршка можат значително да помогнат во справувањето со кризи. Како мерки за воведување, испитаниците ги предложија следниве:

- Воведување градски превоз што директно ќе овозможи полесен пристап на граѓаните коишто потекнуваат од рурални средини,
- Обезбедување влезови за инвалиди насекаде со цел пристап до сите ресурси и институции,
- Претставник на секоја од маргинализираните групи кој би ги споделувал проблемите со надлежните институции,
- Имплементација на системи за рано предупредување,
- Засилување на инспекциски надзор во компаниите со цел да се оневозможи работењето без склучен договор за вработување,

- Јавно достапен општински број на кој, секој граѓанин може да пријави проблем.

Поддршката и помошта за маргинализираните групи не е само задача за институциите, туку и одговорност на целокупната заедница. Со заеднички напори и ангажман, можеме да создадеме општество што не остава никого зад себе, коешто ќе се грижи за сите свои граѓани и ќе го цени богатството во различноста.

Во последното прашање каде што оставивме простор за предлози на испитаниците, тие несебично ни одговорија на прашањето на кој начин може да се зголеми свеста и ангажманот на локалната самоуправа и заедницата за поддршка на маргинализираните групи во кризни ситуации.

Формирањето работни групи каде што локалната самоуправа активно ќе учествува во следењето и реагирањето во кризни ситуации може да биде ефикасен начин за подигање на свеста и ефикасното реагирање на ваков тип кризи. За да се обезбеди комплетна и јасна слика за потребите на маргинализираните групи, овие работни групи треба да вклучуваат претставници од маргинализираните групи. Како едно од идејните решенија се воспоставување вежби и симулации на кризни ситуации кои не само што ги подготвуваат вработените во локалната самоуправа за ефикасно реагирање, туку и ја подигнуваат свеста во заедницата за постоење потреба за брзо реагирање во услови на криза. Обуките на вработените и граѓаните треба да бидат засновани врз реални сценарија, интегрирајќи ги потребите на маргинализираните групи во процесот. Голем дел од испитаниците посочија на подигнување на свеста на граѓаните преку образовни кампањи, соработка и партнерство со невладини организации, навремено информирање од страна на локалната самоуправа, како и креирање стратегии преку позитивни примери од други земји. Преку активната промоција на вклученост и поддршка, создаваме инклузивно општество што е подготвено да одговори на потребите и предизвиците на маргинализираните групи во време на криза.

## 6. Интервјуа со лица од маргинализирана група

### Мери Туџарова

“ Отежната битка, така би ги нарекла деновите поминати за време на кризата. Лицата со попреченост секојдневно водат битка на некое поле, но овојпат, за време на кризата, битките беа многу потешки. Ни беше оневозможено непречена посета на лекар, практикување најразлични третмани во врска со одржување на здравствената состојба, па сè до слободно движење, кое за нас многу значи во одржување на здравствената состојба.

Во иднина, институциите што се во функција на лицата со попреченост треба да изготват стратегии, како би се дејствувало во такви услови за да не се наруши секојдневното функционирање и опстојување на лицата со попреченост, а пред сè да се зачува нивното физичко и ментално здравје.”

### Зорица Трајкова

“Здравствените услуги најчесто се со неадекватна приспособеност за лицата со попреченост. Физичката непристапност на здравствените институции и несоодветниот однос на здравствените работници на локално ниво ги принудуваат родителите на децата со попреченост да одат до клиничките центри во поголемите градови, дури и за мали интервенции, каде што најчесто, за жал и таму не наоѓаат соодветно решение, па се принудени да бараат начини за лекување и третмани надвор од границите на државата.

Мојот генерален впечаток е дека, и покрај ретките добри практики на локално ниво, се неопходни сеопфатни системски мерки, поголема сензибилизираност и поорганизиран пристап во трите сектори (образование, социјална и здравствена заштита) со цел вистински да се подобри квалитетот на живот на лицата со попреченост и нивните семејства, особено во услови на криза за да се заштити нивното психофизичко здравје.“

Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

**Бобан Спасов**

“Во руралните области се соочуваме со сериозни предизвици како што се поплава поради испуштање на водата од браните, непоправени дупки на патот, присуство на диви депонии и незаконско палење отпадоци. Навечер, воздухот е значително загаден. Една од причините е што отпадоците не се депонираат соодветно и се палат штетни материјали. Најзагрижувачки е тоа што заедницата не добива доволно внимание и помош, но и нема доволно развиена свест за овие проблеми.

За решавање на овие проблеми, сметам дека покрај подигање на свеста на граѓаните коишто живеат во руралните средини, потребни се и институционални промени, како редовно одржување на браните, одржување на патиштата, заедничка борба против дивите депонии, законска казнивост на луѓето кои палат отпад и соработка помеѓу институциите.“

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

# 7. Заклучок од истражувањето:

Истражувањето ни откри како маргинализираните групи се изложени на социо-економски предизвици, а од особен интерес е анализата на лица без завршено образование. Така, 42% од нив се невработени, а преостанатите 58% се вработени или се корисници на социјална помош. Во контекст на приходите, оваа група прикажува најниски приходи, а истовремено се јавува како најзастапена група како корисници на социјална помош. Оваа социоекономска реалност е тесно поврзана со образованието на овие лица и степенот на вработување. Етничките малцинства и лицата од руралните области се особено изложени на овие предизвици. Тие ги наведуваат изградбата на патишта и канализација како главен проблем, што укажува на оневозможен пристап до основните ресурси и значителни предизвици на живеење во руралните средини. Како реакција на овие предизвици, испитаниците предложуваат конкретни мерки. Градскиот превоз се појавува како решение за подобрување на мобилноста и пристапот до основните ресурси, а потребата од финансиска помош и вложување во образовни кампањи од општината се наведени како главни решенија за надминување на предизвиците што би им овозможиле подобрување на квалитетот на живот и нивна економска стабилност.

Од зголемен интерес ни е и истражувањето на маргинализирана група жени со завршено основно и средно образование што само по себе носи низа предизвици. Според резултатите, 34% од нив се невработени, додека 66% се вработени. Ова ни открива делумна финансиска стабилност на оваа група жени, но истовремено и се соочува со недостаток и тешкотии за пронаоѓање работа. Повеќето од испитаниците изразуваат недоверба кон институциите, при што корупцијата и политизацијата се наведени како главни фактори. Ова може да биде од круцијално значење за креирање политики што ќе ја зголемат довербата во јавните институции, воведувајќи мерки за борба против корупцијата и јавна ангажираност и мерки против политизација на државните тела. Во услови на економска несигурност, со приходи во опсег од 21,000 до 31,000 денари, жените од оваа група претпочитаат решенија што вклучуваат финансиска поддршка и едукација. Постојаната информираност и брзата реакција на институциите се посебно истакнати како повеќе од потребни, што укажува на потребата за ефикасни мерки во време на успешно справување со криза. Во однос на реакцијата на локалната самоуправа на кризни ситуации, неислушаноста и недостапноста на операторите е опишан како чест проблем со кој се соочувале граѓаните. Од предложените решенија на оваа група, доминираат: јасни и јавно достапни информации, потреба од локална интервенција, финансиска помош, едукација и тренинзи што се идентификувани како главни двигатели за обезбедување поголема ангажираност од локалното население кон државните институции. Овие резултати ја поддржуваат потребата за формирање програми и реформи во областа на економијата, образованието и ангажманот на граѓаните, со фокус на поддршка кон маргинализираните групи, особено жените со основно и средно образование.

При анализа на испитаниците со високо образование, резултатите ни прикажуваат висок процент на вработеност, со варијабилни приходи од 21,000 до 60,000 денари. Значителен дел (64%) од нив,

изразуваат висок степен на доверба во државните институции, додека 36% изразуваат недоверба, првенствено поради корупција, непотизам, недостаток на транспарентност и дискриминација. Жените со високо образование сметаат дека се помалку заштитени пред органите на власта и се соочуваат со изразени предизвици, земајќи го предвид потеклото од рурална средина. Кога ги ставаме во контекст на кризни состојби, 40% одговараат дека реакцијата на локалната самоуправа е професионална и навремена, додека 60% од испитаниците изразуваат недоверба, односно, недостапност, карактеризирано со “немање слух за проблемите на граѓаните“ (изјава од фокус групи). Предложените решенија за подобрување на идните реакции на локалната самоуправа вклучуваат: ангажирање стручни лица, разработка на нови мерки и предлози со цел справување со кризни ситуации на локално ниво, поголема транспарентност преку локалните медиуми и поголема одговорност на државните институции. Испитаниците предложуваат идеи за формирање работни групи, учество на локалните жители во развојот на кризни планови, бесплатни образовни кампањи и вметнување образовен материјал во училиштата за подобро разбирање на кризните ситуации. Најкорисна поддршка за маргинализираните групи би била фокусирана програма за образование и обука, заедно со постојана поддршка преку здравствени и социјални програми. Дополнително, ангажманот на општинската администрација и поддршката на локалната заедница се издвојуваат како значајни фактори за надминување на кризните ситуации и предизвици.

# 8. Препораки

Истражувањето што беше спроведено предизвика темелна анализа и размислувања за проблемите и потребите на маргинализираните групи во нашата заедница во контекстот на кризните ситуации. Одговорите од испитаниците го истакнаа широкиот спектар предизвици со коишто се соочуваат овие групи и потребата за подобрување на мерките и програмите за нивна поддршка.

Првичната анализа го идентификуваше пристапот до услуги во руралните области како зголемен предизвик, кој бара структурни промени во инфраструктурата и организацијата на услугите. Ова ја обликуваше потребата за инвестиции во развој и подобрување на транспортната и комуникациската инфраструктура како една од првите предложени мерки на лицата коишто потекнуваат од рурални области.

**Препораки:**

- **Изградба на патишта и канализација:**
  Изработка на стратегија за унапредување на инфраструктурата за патишта и канализација.
  Идентификација на критичните области за подобрување и приоритизација на проекти.
  Активно вклучување на заинтересираните страни и граѓаните во процесот на планирање и извршување.
- **Воведување градски превоз:**
  Истражување на најефикасните модели за градски превоз според потребите и динамиките на градот.
  Развивање план за интегриран градски превоз, вклучувајќи автобуси, трамваи и електрични возови.
  Креирање програми за поддршка и образование на граѓаните за активно користење на јавниот транспорт.
- **Воведување мерки за полесен пристап до образованието и здравствени услуги:**
  Развивање програми за поддршка за маргинализираните групи за пристап до образованието и здравствените услуги.
  Изградба на нови образовни и здравствени објекти во областите каде што постои најголема потреба.
  Воведување е-образование и медицински услуги за подобрување на пристапот во заедниците.
- **Формирање локални тимови за кризни ситуации:**
  Креирање план за формирање и обука на локални тимови за кризни ситуации.
  Организирање редовни симулации и вежби за подготовка и реакција во различни кризни сценарија.
  Вклучување на заедницата во обука и информирање за постапките за безбедност при кризни ситуации.

- **Обука на населението преку симулација и вежби за заштита и спасување:**
  Развивање образовни програми за симулации и вежби за справување со различни видови кризи.
  Промоција на обуки во заедницата за основните првопомошни и безбедносни вештини. Вклучување на училиштата и образовните институции за поддршка на образовните напори.
- **Финансиска помош на маргинализираните групи население:**
  Истражување мерки за финансиска поддршка на маргинализираните групи, како субвенции и социјални програми.
  Развивање системи за проследување и евалуација на ефективноста на финансиската помош.
  Стимулирање на учество на бизнис секторот во програми за социјална одговорност.
- **Воведување асистенти за помош на маргинализираните групи:**
  Развивање програми за обука и ангажман на асистенти за помош.
  Креирање мрежа од доброволци и професионалци за непосредна помош на лицата во потреба.
  Промоција на инклузивни практики и рамноправност во образованието и работните места.

Испитаниците истакнаа значителни предизвици во областите на вработување, пристап до образованието и здравствената заштита. Голем дел од испитаниците го опишаа проблемот со пристапот до вработување како еден од најзначајните предизвици со кои се соочуваат во денешницата.

**Препораки**:.

- **Креирање работни места и интеграција на маргинализираните групи:**
  Истражување на потребите на локалната заедница и идентификација на сектори со потенцијал за креирање работни места.
  Развивање програми за обука и развој на вештини што се соочуваат со потребите на пазарот на труд.
  Поставување мерки за стимулирање на компаниите и претприемачите да вработуваат лица од маргинализирани групи.
- **Воведување активни мерки за вработување преку државните институции:**
  Креирање програми за субвенции и инцијативи за компаниите што вработуваат лица од маргинализирани групи.
  Воведување адаптивни мерки како флексибилни работни часови или програми за работа оддома, за поддршка на оние кои имаат посебни потреби.
  Поставување мониторинг системи за следење на ефикасноста и вклученоста на маргинализираните групи во работниот пазар.
- **Партнерство со граѓански организации:**
  Стимулирање на соработката меѓу државните институции, бизнис секторот и невладините организации за вработување маргинализирани групи. Развивање проекти и програми за

поддршка што ги финансираат и водат невладините организации.

Изградба на систем за размена на информации и најдобри практики меѓу различните структури.

- **Обезбедување сигурно и формално правно работно место:**

  Исцелување на правните пречки и дискриминацијата при вработување на маргинализирани групи.

  Едукација на работодавачите за важноста на разнообразноста и вклученоста во работната средина.

  Креирање механизми за пријавување и обработка на случаи на дискриминација во вработувањето.

- **Финансиска поддршка и помош:**

  Идентификација на финансиски извори за обезбедување стартап финансии за лица од маргинализираните групи.

  Креирање програми за менторство и консултации за помагање во почетокот на бизнисите на лицата од маргинализираните групи.

  Воведување програми за финансиска образовна поддршка за подобрување на финансиската независност.

- **Подигање на јавната свест:**

  Развивање кампањи за подигнување на јавната свест за важноста на вклучувањето на маргинализираните групи во работниот пазар.

  Организирање настани и дебати што ги посветуваат на предизвиците и можностите за вработување на овие групи.

  Поддршка на креативни начини за промовирање на успешните приказни на маргинализираните групи во работните средини.

Како еден од главните предизвици со кои се соочуваат испитаниците се јавува и недостатокот на информации за локалните кампањи, мерки, стратегии и постоење институции за справување со кризни ситуации.

**Препораки**:

- **Едукативни и образовни кампањи:**

  Креирање и распространување едукативни материјали во вид на брошури, филмови, и образовни програми за ученици, студенти и општеството во целост.

  Организирање образовни работилници и тренинзи за наставници и образовни работници за вклучување на теми за правата на граѓаните во наставните програми.

  Стимулирање соработка меѓу образовните институции и невладините организации за реализација на едукативни проекти.

- **Кампањи на социјални медиуми:**

  Креирање атрактивна и деловна визуелна и текстуална содржина за социјалните мрежи што ги образува и информира граѓаните за нивните права.

Поврзување со влијателни инфлуенсери и лидери на мислење за поддршка на кампањите и зголемување на достапноста на информациите.

Користење технологии за целосно следење и анализа на ефектот на кампањите на социјалните медии.

- **Алармирање преку презентации на локални телевизии:**

  Организирање редовни презентации и дебати на локалните телевизии со учество на стручњаци, адвокати и претставници на различни групи граѓани.

  Креирање серии и емисии што ги истражуваат и претставуваат различните аспекти на правата на граѓаните.

  Стимулирање активно учество на граѓаните преку телефонски повици и интерактивни сесии.

- **Реклами и електронски маркетинг:**

  Развивање креативни рекламни кампањи што ги подигнуваат свеста и ги поканувaат граѓаните да се образуваат за своите права.

  Изработка на целосно интегрирани онлајн кампањи преку веб-страници, социјални мрежи и е-пошта.

  Праќање редовни електронски билтени со информации и образовни ресурси до лични и корпоративни е-пошти.

- **Форуми на граѓани и претставници на сите групи граѓани:**

  Организирање регуларни форуми каде што граѓаните имаат можност да споделуваат свои искуства и прашања во врска со правата на граѓаните.

  Идентификација на претставници на маргинализирани групи кои можат да бидат дел од овие форуми за активно учество и застапништво.

  Креирање платформи за виртуелни дебати и дискусии што овозможуваат учество и на оние коишто не можат да присуствуваат физички.

Кај процесот на буџетирање, забележавме дека постои висок процент на недоверба во институциите и програмите од страна на испитаниците кои сметаат дека мерките за родово буџетирање и алокација на ресурси за поддршка на маргинализирани групи се недоволно разгледувани. Потребата за вклученост, транспарентност на буџетирањето и донесување инклузивни решенија, се истакнати како критичен аспект во изградбата на едно поинклузивно општество.

Во согласност со одговорите, само мала група испитаници учествувала во процесот на буџетирање, што може да се толкува како индикатор за низок степен на активно учество на граѓаните во одлучувачките процеси. Овде идентификувавме простор за подобрување на механизмите за следење и оценување на ефикасноста на мерките за родово буџетирање и за ефикасно справување со кризни ситуации, каде предлагаме: стратегии за подобрување на информираноста и активно учество на граѓаните во општинските одлуки, вклучување на работни групи за буџетирање, отворени денови за разговор со граѓаните од маргинализирани групи од претставници на државните институции, како и координативно тело што ќе врши мониторинг на имплементација и

спроведување на мерките и програмите. Учеството на граѓаните во процесот на буџетирање и одлучување го поставуваме како неопходен метод што треба да се поттикне, засили и искористи.

Предложените мерки и препораки од страна на испитаниците демонстрираат желба и внатрешна потреба за решавање на предизвиците со кои се соочуваат маргинализираните групи, како и локалното население при справување со кризни ситуации. Секој предлог за подобрување ќе послужи како стабилен основ во изградбата на поинклузивна општинска средина, каде сите граѓани, независно од нивната припадност, ќе имаат еднакви можности за успешно справување со предизвиците на кризата и вклученоста во сите процеси на одлучување.